**Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе**
**,,Отворена порта"**
*тел:+389 2 2700107 email:* lastrada@lastrada.org.mk www.lastrada.org.mk

# ОГЛАС ЗА ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПРОМОТЕРИ

Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта објавува:

**ОГЛАС**
за избор на 10 локални промотери за работа на проектот
„Обединети против насилство и трговија со луѓе“

Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена Порта објавува оглас за привремено ангажирање на 10 локални промотери за работа на проектот „Обединети против насилство и трговија со луѓе“. Локалните промотори ќе бидат ангажирани за поддршка на имплементацијата на локални младински кампањи.

**Цел на договорот**:
Локалниот промотер има за цел да го поедностави и олесни спроведувањето на локалните младински кампањи за превенција и подигнување на јавната свест за насилството со посебен фокус на трговијата со луѓе, родово засновано насилство и експлоатација.

**Цел на работно место:**
Промотер на локална младинска кампања.

**Одговорности:**
Промовирање, поддршка и надзор при спроведување на локални младински кампањи за намалување на насилството и трговијата со луѓе спроведувани од страна на млади од локалниот регион на промотерот.

**Задачи што треба да ги изврши промотерот**:
- Презентирање на повик за локални младински кампањи наменет за млади на возраст од 16-26 години.
- Стимулирање на младите за изработка на идеен проект за локална младинска кампања во форма на уметнички изложби, перформанси, фото инсталации, дебати, социјални медиуми и др. , за спречување на насилството и заштита на жртвите од насилство и трговија со луѓе.
- Учество во 5 дневен младински камп.

- Поддршка и следење на младите во спроведување на активности како дел од локалната младинска кампања.
- Редовни состаноци и контакти со одговорно лице од Отворена Порта
- Учество на завршен настан за промовирање на локани иницијативи.
- Подготовка на извештаи за спроведените активности.

**Потребни квалификации:**

- Минимум средно образование.
- Искуство во дизајнирање, развивање, имплементирање, следење и оценување на кампањи.
- Формално или неформално образование за дигитална комуникација, дизајн или друга релевантна област или еквивалентно професионално работно искуство во истата област ќе се смета за предност.
- Општи познавања за проблемот на насилството и трговија со луѓе и искуство во спроведување на проекти од областа на трговија со луѓе ќе се смета за предност.
- Демонстрирана способност да се исполнат роковите и да работат под притисок за да произведат извештаи;
- Флексибилност во одговарањето на потребите на Отворена Порта
- Познавање на јазикот на малцинствата ќе се смета за предност за општините со застапеност на малцинската група.

**Потребни вештини:**

- Одлични комуникациски вештини
- Емпатичност
- Флексибилност
- Тимска работа
- Работа на компјутер( MS Office)

**Финансиски импликации:** За реализирање на задачата, локалниот промотер ќе добие надомест во висина од 27 653,00 МКД (бруто износ) за 240 работни часови.

**Времетраење на ангажманот :** Промотерот ќе биде ангажиран со 240 работни часови во периодот од 10. ноември 2018-до 31. мај 2019. Работното време е флексибилно.

**Изборот на кандидатот ќе се базира на:** Колку апликацијата ги задоволува барањата утврдени во описот на задачи. Релевантно претходно искуство.

**Поддршка обезбедена од Отворена Порта:**
Промотерите ќе добиваат упатства за работата од Раководителот на програмата и другите членови на тимот.

Заинтересираните кандидати потребно е да испратат мотивациско писмо и кратка биографија за пријава на огласот најдоцна до **31.октомви.2018** на адреса: **lastrada@lastrada.org.mk** , со назнака “Пријава за оглас – промотер“.